There are no translations available.

Покана за циклус на обуки во рамки на проектот “Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој” со скратен назив Акроним,, wine-up,,

Информации за проектот
Проектот  “Подобрување на прекуграничното винско искуство за локален развој” со акроним “wine-up” се реализира во период од октомври 2021 до април 2023 година, водечки партнер е Општина Пела – Република Грција, а проектен партнер е Општина Неготино, РС Македонија. Проектот има за цел поддршка и развој на економијата во овој регион.
Специфична цел на проектот: Подобрување на атрактивностите и промовирање на туризмот во прекуграничната област со цел подобрување на вработувањата во туризмот.
Активности кои ги предвидува проектот:
•    Активности кои ќе придонесат кон нови вработувања во правец на јакнење на човечките капацитети со обуки од областа на туризмот
•    Планирање на дирекни вработувања (времени) со намера истите да станат одржливи по завршување на проектот како во јавниот така и во приватниот сектор.
•    поддршка во организирање на настани, по повод Св Трифун и Неготинскиот панаѓур во Неготино за времетраењето на проектот, заради поголема промоција на општината, но истовремено како можност за размена на искуства со прекуграничните и други странски партнери
Циклус на обуки:
Општина Неготино заедно со компанијата ОЗ Инвест Скопје, планираат да организираат три циклус обуки на следните теми:
1.    Управување со дестинација
2.    Организирање на настани
3.    Градење на вештини за туристички водичи
Обуките се наменети за студенти и невработени лица со цел поддршка за вработување во туризмот. Обуките ќе бидат во временски период од 1 месец, односно 20 работни денови по 1 до 2 часа во салата на Општина Неготино. Планирано е да се одржат за време на летниот период од јуни до септември, во зависност од потребите на граѓаните на општината и формирањето на групите. Подтемите како и динамиката на реализација ќе бидат дополнително споделени со сите заинтересирани.
Сите заинтересирани лица, повеќе информаци може да добијат на aleksova.m@yahoo.com
Пријавувањето може да се направи електронски на следниот линк или телефонски на 070/786-808.

П О К А Н А

https://docs.google.com/forms/d/17CxYBbx26KsoEVY0IkA8Li4ZwIC85zJULjWrlOHiT64/edit